**20203134298**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19 и 275/19), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 декември 2020 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2020 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19, 13/20, 111/20, 153/20, 243/20, 275/20, 292/20 и 309/20) во делот II во табелата по подмерката 1.10-а. се додава нова подмерка 1.10-б. која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.10-б. | 1.10-б. | Дополнителни директни плаќања за произведено и предадено грозје за сортите Смедеревка, Вранец, Бургундец Црн, Станушина, Кратошија, Жилавка и Кадарка во регистрирани капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија |

“

II

Во делот XIV во табелата во мерката 1 по бројот „1.10-а.“ се додава бројот „1.10-б.“

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12845/1
29 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.